Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 10 - 69/19
06.07. 2020 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ" бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулационен план на генерален урбанистички план, формата содржината и начинот на обработка на урбанистичко плански документации и архитектонско урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проект за инфраструктура, (Сл.Весник на РМ бр.142/15), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/15; 217/15; 222/15; 228/15; 35/16; 99/16; 134/16; 33/17 и 86/18) и Правилник за начинот на спроведување на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко – проектни документации во електронска форма (Сл.Весник на РМ бр. 111/15 и 142/17),Градоначалникот на Општина Шуто Оризари, го издава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваа сите физички и правни лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за градска четврт С08 блок 04, општина Шуто Оризари, плански период 2019-2024 дека Градоначалникот на Општина Шуто Оризари – Скопје донесе Одлука за спроведување на:

## ПОВТОРЕНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
**По Детален урбанистички план за градска четврт С08 блок 04 – општина Шуто Оризари, плански период 2019-2024**

Границата на зафатот е дефинирана:
-северзападно по новопланирана сервисна улица „С3" и „С2",
-западно по собирна улица – „Улица Индира Ганди" („Улица Шуто Оризари"),
-североисточно и југоисточно по новопланирана сервисна улица „С4".
-Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 15,38 ха.

**Повторената јавна презентација** по Детален урбанистички план за градска четврт С08 блок 04 – општина Шуто Оризари, плански период 2019-2024 **ќе се одржи во** просториите на **Општина Шуто Оризари – Скопје** (ул.„Хаџи Јован Шишков" бр.36) **во сала за состаноци на ден 20.07.2020 година во 10:00 часот.**

Повторената јавна анкета за Деталниот урбанистички планз а градска четврт С08 блок 04 – општина Шуто Оризари, плански период 2019-2024, **ќе биде изложен во** влезниот хол на административната општинска зграда **секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот, од 16.07.2020 заклучно со 22.07.2020 година (5 работни дена)**

**Соопштението** за организирање на Повторена јавна презентација и јавна анкета ќе биде објавено на **ВЕБ СТРАНАТА** на Општина Шута Оризари- Скопје www.sutoorizari.gov.mk, на информацискиот систем **Е-УРБАНИЗАМ и во дневните весници „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ" и „LAJM".**

Контакт телефони: 2652-580; 2650-584 и email: **info@sutoorizari.gov.mk**

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица можат да доставуваат анкетни листови со забелешки и предлози по предлог планот.

*НАПОМЕНА: Јавната презентација како и Јавната анкета ќе се спроведуваат согласно насоките од Влада на Република Северна Македонија, односно мерките за спречување на ширењето на пандемијата COVID-19, односно со носење на заштитна опрема (маски и ракавици, како и одржување на растојание од најмалку од 1.5 - 2 метри помеѓу присутните).

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ-СКОПЈЕ
КУРТО ДУДУШ

Kurto Dudush

Digitally signed by Kurto Dudush
DN: o=Opstina Suto Orizari, c=MK, email=sutoorizari@t.mk, sn=Dudush, givenName=Kurto, cn=Kurto Dudush
Date: 2020.07.06 10:00:31 +02'00'